Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

# З А П И С Н И К
од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2024 година

# P R O C E S V E R B A L
nga seanca e Katërt e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, mbajtur më 11 korrik 2024

Скопје, јули 2024 година

Shkup, korrik 2024

**З А П И С Н И К**
**од Четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 11 јули 2024 година**

Седницата започна во 12:25 часот.

На седницата претседаваше м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи со заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, Игор Филков, министер за правда, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и Игор Јанушев, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

**P R O C E S V E R B A L**
**nga seanca e Katërt e Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, mbajtur më 11 korrik 2024**

Seanca filloi në orën 12:25.

Seancën e kryesoi mr. Izet Mexhiti, zëvendëskryetar i parë i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe ministër i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor.

Në seancë morën pjesë Aleksandar Nikolloski, zëvendëskryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe ministër i Transportit, Lupço Dimovski, zëvendëskryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut për Sistemin Politik, Ivan Stoillkoviç, zëvendëskryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe ministër për Marrëdhënie mes Bashkësive, Arben Fetai, zëvendëskryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut, përgjegjës për Politika të Qeverisjes së Mirë, Igor Fillkov, ministër i Drejtësisë, Besar Durmishi, ministër i Ekonomisë dhe Punës, mr. Sanja Bozhinovska, ministre e Energjetikës, Minierave dhe Lëndëve të Para Minerale, Cvetan Tripunovski, ministër i Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave, dr. Arben Taravari, ministër i Shëndetësisë, dr. Vesna Janevska, ministre e Arsimit dhe Shkencës, Fatmir Limani, ministër i Politikës Sociale, Demografisë dhe Rinisë, mr. Zllatko Perinski, ministër i Vetëqeverisjes Lokale, Zoran Lutkov, ministër i Kulturës dhe Turizmit, mr. Stefan Andonovski, ministër i Transformimit Digjital, Goran Minçev, ministër i Administratës Publike, Borko Ristovski, ministër i Sportit, dr. Shaban Saliu, ministër pa resor, përgjegjës për integrimin dhe zbatimin e Strategjisë për përfshirjen e Romëve 2022-2030, si dhe Igor Janushev, sekretar i përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Në seancë mori pjesë edhe dr. Olivera Neçovska, sekretare e Sekretariatit të Legjislacionit.

Од седницата отсуствуваше проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и членовите на Владата Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања и м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, министер за финансии.

Në seancë mungoi prof. dr. Hristijan Mickoski, kryetar i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe anëtarët e Qeverisë Vllado Misajllovski, ministër i Mbrojtjes, Pançe Toshkovski, ministër i Punëve të Brendshme, dr. Timço Mucunski, ministër i Punëve të Jashtme dhe Tregtisë së Jashtme, mr. Orhan Murtezani, ministër i Çështjeve Evropiane dhe mr. Gordana Dimitrieska - Koçoska, ministre e Financave.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

Në bazë të Propozim rendit të ditës dhe propozimeve të parashtruara në seancë, Qeveria përcaktoi këtë

## ДНЕВЕН РЕД

1. Известување во врска со потребата од ангажирање на пилоти за гасење на шумски пожари

2. Информација за дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотниот бран од 12 јули 2024 до 18 јули 2024 година, кои се очекува да ја зафатат територијата на Република Северна Македонија, а согласно податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, дека во следните денови целата територија на Република Северна Македонија ќе биде зафатена од топлотен бран (портокалова фаза)

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

## REND TË DITËS

1. Njoftim në lidhje me nevojën për angazhim të pilotëve për shuarjen e zjarreve në pyje

2. Informacion për masa plotësuese për parandalimin e pasojave nga vala e të nxehtit prej më 12 korrik 2024 deri më 18 korrik 2024, që pritet të prekë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, ndërsa në përputhje me të dhënat e Drejtorisë për Çështje Hidrometeorologjike, se në ditët në vijim i gjithë territori i Republikës së Maqedonisë së Veriut do të përfshihet nga vala e të nxehtit (faza portokalli)

3. Çështje kadrovike

4. Pyetje dhe propozime

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

Ndaj pikave veç e veç të Rendit të ditës, Qeveria i solli këto konkluzione:

### Точка 1

### Pika 1

Владата го разгледа Известувањето во врска со потребата од ангажирање на пилоти за гасење на шумски пожари, го усвои и даде согласност на Дирекцијата за заштита и спасување за ангажирање на двајца искусни пилоти со договор на дело, чиј месечен надоместок ќе изнесува повеќе од две просечни нето плати во Република Северна Македонија, исплатени во претходната година.

Qeveria e shqyrtoi Njoftimin në lidhje me nevojën për angazhim të pilotëve për shuarjen e zjarreve në pyje, e miratoi dhe i dha pëlqim Drejtorisë për Mbrojtje dhe Shpëtim për angazhimin e dy pilotëve me kontratë në vepër, kompensimi mujor i të cilëve do të jetë më shumë se dy paga mesatare neto në Republikën e Maqedonisë së Veriut, të paguar në vitin paraprak.

## Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за дополнителни мерки за превенирање на последиците од топлотниот бран од 12 јули 2024 до 18 јули 2024 година, кои се очекува да ја зафатат територијата на Република Северна Македонија, а согласно податоците од Управата за хидрометеоролошки работи, дека во следните денови целата територија на Република Северна Македонија ќе биде зафатена од топлотен бран (портокалова фаза) и ја усвои со следните препораки за дополнителни мерки за превенција:

1. Ослободување од работни обврски за најралнивите групи на населението: бремените жени и лица на возраст над 60 години во периодот од 12 јули 2024 до 18 јули 2024 година (петок до четврток).

2. Работодавачите да ги реорганизираат работните активности на градежните работници и на работниците кои работат на отворено, со тоа што ќе се избегне вршење градежни и други работни активности на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

3. Со оглед на фактот дека одредени ризични производни и технолошки процеси може да претставуваат дополнителен ризик по здравјето на изложените работници, се потсетуваат работодавците на обврската за почитување на законските прописи од оваа област.

## Pika 2

Qeveria e shqyrtoi Informacionin për masa plotësuese për parandalimin e pasojave nga vala e të nxehtit nga 12 korrik 2024 deri më 18 korrik 2024, e cila pritet të përfshijë territorin e Republikës së Maqedonisë së Veriut, dhe në përputhje me të dhënat nga Drejtoria për Punë Hidrometeorologjike, se në ditët në vijim i gjithë territori i Republikës së Maqedonisë së Veriut do të përfshihet nga vala e të nxehtit (faza e portokalltë) dhe e miratoi me këto rekomandime për masa plotësuese për parandalim:

1. Lirimi nga detyrimet e punës për grupet më të rrezikuara të popullsisë: gratë shtatzëna dhe personat mbi 60 vjeç në periudhën nga 12 korrik 2024 deri më 18 korrik 2024 .

2. Punëdhënësit duhet të riorganizojnë aktivitetet e punës së punëtorëve të ndërtimit dhe punëtorëve që punojnë në ambiente të hapura, për të shmangur kryerjen e aktiviteteve të ndërtimit dhe aktiviteteve të tjera të punës në ambiente të hapura në periudhën prej orës 11 deri në orën 17:00.

3. Duke pasur parasysh faktin që disa procese të rrezikshme prodhimi dhe teknologjike mund të përbëjnë rrezik shtesë për shëndetin e punëtorëve të ekspozuar, punëdhënësve u kujtohet detyrimi për respektimin e rregulloreve ligjore në këtë fushë.

4. Во установите за згрижување на децата (градинки) да не се практикува физичка активност и да не ги изнесуваат децата на отворено во периодот од 11 до 17 часот.

5. Единиците на локалната самоуправа, Црвениот крст на Република Северна Македонија и центрите за социјални работи во регионите зафатени со топлотниот бран да пружаат помош на осамени лица, стари лица, изнемоштени лица и бездомници.

4. Në institucionet për kujdesjen e fëmijëve (çerdhe) të mos praktikohen aktivitete fizike dhe të mos i nxjerrin fëmijët në ambient të hapur gjatë periudhës prej ora 11 deri ora 17.

5. Njësitë e vetëqeverisjes lokale, Kryqi i kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut dhe qendrat për punë sociale në rajonet të kapluar nga vala e nxehtësisë të ofrojnë ndihmë të personave të vetëm, pleqve, personave të pafuqishëm dhe të pastrehë.

**Точка 3**

По оваа точка немаше предлози.

**Pika 3**

Për këtë pikë nuk kishte propozime.

**Точка 4**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*   *

**Pika 4**

Për këtë pikë nuk kishte pyetje as propozime.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 12:50 часот.

Në seancë u mbajtën shënime stenografike.

Seanca mbaroi në ora 12:50.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**
**Sekretar i Përgjithshëm i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**Игор Јанушев**

**Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**
**Zëvendëskryetar i Parë i Qeverisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut**

**mr. Izet Mexhiti**

Подготвил/Përgatiti: Христијан Николов
Проверил/Verifikoi: Никола Пасков
Контролирал/Kontrolloi: Стојанчо Радичевски
Согласен/Me pëlqim të: Снежана М. Пендовски
Зоран Брњарчевски
Преведувал/Përktheu: Sevim Shaqiri